Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 14 март 2025 година

Скопје, март 2025 година

# З А П И С Н И К
## од Педесет и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 март 2025 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:05 часот.

Со седницата претседаваше Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт.

На седницата учествуваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем и членовите на Владата м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија, на седницата учествуваа и м-р Ане Лашкоска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, проф. д-р Николче Јанкуловски, заменик на министерот за финансии, м-р Мирослав Лабудовиќ, заменик на министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, м-р Јовица Андовски, заменик на министерот за здравство, Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади и м-р Ерџан Селими, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата учествуваше и м-р Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика,

демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа и Зоран Љутков, министер за култура и туризам.

*

*         *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

ДНЕВЕН РЕД

1. Информација од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, за постапување по заклучок на Владата на Република Северна Македонија, за избор на меѓународна адвокатска куќа за обезбедување на правно мислење од областа на меѓународното и швајцарското право

2. Барање за ослободување на средства од Реформската агенда 2024-2027 со сите пропратни документи кои треба да се доставaт до Европската комисија, најдоцна до 15.3.2025 година, со прилози

3. Информација за задолжување на Република Северна Македонија кое произлегува од договор за краткорочен кредит за финансирање на буџетски потреби кај Шпаркасе банка АД Скопје, со Предлог-одлука

4. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (Министерство за социјална политика, демографија и млади)

5. Прашања и предлози

*

*         *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја разгледа Информацијата од претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, за постапување по заклучок на Владата на Република Северна Македонија, за избор на меѓународна адвокатска куќа за обезбедување на правно мислење од областа на меѓународното и швајцарското право и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати предлогот на Координативното тело за избор на правна куќа за обезбедување на правни услуги од областа на меѓународното арбитражно и швајцарското право согласно утврден опфат на работа и тоа за адвокатската куќа Three Crowns LLP.

2. Се задолжува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, во рок од три дена да ја извести избраната адвокатска куќа Three Crowns LLP.

3. Се овластува претседавачот на Координативното тело за следење на арбитражните постапки произлезени од меѓународните договори, да ги потпише правните исправи потребни за ангажирање и за тоа во рок од три дена да ја информира Владата.

## Точка 2

Владата го разгледа Барањето за ослободување на средства од Реформската агенда 2024-2027 со сите пропратни документи кои треба да се доставaт до Европската комисија, најдоцна до 15.3.2025 година, со прилози, го усвои и го задолжи м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања и национален координатор за Инструментот за реформи и раст, да го достави до Европската комисија Барањето за ослободување на средства со сите пропратни документи.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за задолжување на Република Северна Македонија кое произлегува од договор за краткорочен кредит за финансирање на буџетски потреби кај Шпаркасе банка АД Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за задолжување на Република Северна Македонија кај Шпаркасе банка АД Скопје по договор за краткорочен кредит за финансирање на буџетски потреби на Република Северна Македонија.

## Точка 4

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (Министерство за социјална политика, демографија и млади), усогласена со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 5

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:15 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **Игор Јанушев** | **Александар Николоски** |

Подготвил: Христијан Николов, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор